

# КАРПОШ
## неделен е - билтен



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**23-30 септ 2024 Билтен бр. 573**

# ДОБИТНИЦИ НА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА


СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА
ПРВА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 3.500,00 ДЕНАРИ

| РЕДЕН БР. | ДАТУМ | АРХИВСКИ БРОЈ | ПОДНОСИТЕЛ (ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ) | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | 13.09.2024 | 53-6504/1 | Илина Димитровска | Владо Тасевски | 9 |
| 15 | 13.09.2024 | 53-6481/1 | Јана Мангаровска | Владо Тасевски | 8 |
| 16 | 13.09.2024 | 53-6414/1 | Драган Николовски | Владо Тасевски | 9 |
| 17 | 11.09.2024 | 53-6370/1 | Мартин Солески | Владо Тасевски | 9 |
| 18 | 05.09.2024 | 53-6262/1 | Анастасија Цветаноска | Владо Тасевски | 8 |
| 19 | 10.09.2024 | 53-6332/1 | Ана Темјановска | Владо Тасевски | 8 |
| 20 | 13.09.2024 | 53-6437/1 | Гала Булатовиќ | Војдан Чернодрински | 9 |
| 21 | 12.09.2024 | 53-6436/1 | Мила Булатовиќ | Војдан Чернодрински | 9 |
| 22 | 13.09.2024 | 53-6413/1 | Анѓела Станојевиќ | Лазо Трповски | 9 |


СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА
ПРВА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 3.500,00 ДЕНАРИ

| РЕДЕН БР. | ДАТУМ | АРХИВСКИ БРОЈ | ПОДНОСИТЕЛ (ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ) | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 13.09.2024 | 53-6503/1 | Енуара Балажи | Братство | 8 |
| 2 | 11.09.2024 | 53-6381/1 | Матеј Цветковски | Братство | 9 |
| 3 | 11.09.2024 | 53-6380/1 | Благој Цветковски | Братство | 9 |
| 4 | 11.09.2024 | 53-6376/1 | Избела Диков | Братство | 8 |
| 5 | 13.09.2024 | 53-6502/1 | Константин Димовски | Петар Поп Арсов | 9 |
| 6 | 11.09.2024 | 53-6391/1 | Ива Бухова | Петар Поп Арсов | 8 |
| 7 | 06.09.2024 | 53-6300/1 | Гала Наумова | Петар Поп Арсов | 9 |
| 8 | 11.09.2024 | 53-6377/1 | Александра Димитрова | Вера Циривири Трена | 8 |
| 9 | 11.09.2024 | 53-6389/1 | Матеј Сиваков | Вера Циривири Трена | 8 |
| 10 | 06.09.2024 | 53-6303/1 | Нела Манческа | Вера Циривири Трена | 8 |
| 11 | 10.09.2024 | 53-6340/1 | Јане Јанев | Христијан Тодоровски Карпош | 8 |
| 12 | 05.09.2024 | 53-6251/1 | Дарјан Мирчевски | Јахија Кемал | 8 |
| 13 | 13.09.2024 | 53-6497/1 | Ванеса Томова | Јахија Кемал | 9 |

**СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА**
**ВТОРА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 3.000,00 ДЕНАРИ**

| РЕДЕН БР. | ДАТУМ | АРХИВСКИ БРОЈ | ПОДНОСИТЕЛ (ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ) | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 13.09.2024 | 53-6485/1 | **Аника -Виолета Шарламанов** | Јан Амос Коменски | 8 |
| 2 | 13.09.2024 | 53-6493/1 | **Нина Андоновска** | Јан Амос Коменски | 8 |
| 3 | 13.09.2024 | 53-6411/1 | **Дамјан Марковски** | Јан Амос Коменски | 9 |
| 4 | 13.09.2024 | 53-6410/1 | **Ангела Тунеска** | Јан Амос Коменски | 9 |
| 5 | 11.09.2024 | 53-6383/1 | **Ана Адамовска** | Јан Амос Коменски | 9 |
| 6 | 13.09.2024 | 53-6475/1 | **Алексеј Станковиќ** | Јан Амос Коменски | 9 |
| 7 | 05.09.2024 | 53-6192/1 | **Софија Шашков** | Владо Тасевски | 9 |
| 8 | 05.09.2024 | 53-6247/1 | **Анастасија Ристовска** | Владо Тасевски | 8 |
| 9 | 05.09.2024 | 53-6235/1 | **Горјана Кузманоска** | Владо Тасевски | 9 |
| 10 | 10.09.2024 | 53-6335/1 | **Ана Марија Томов** | Владо Тасевски | 9 |
| 11 | 12.09.2024 | 53-6473/1 | **Јаков Пејовски** | Владо Тасевски | 9 |
| 12 | 13.09.2024 | 53-6400/1 | **Тина Анѓелиќ** | Владо Тасевски | 9 |
| 13 | 13.09.2024 | 53-6404/1 | **Калиа Постоловска** | Владо Тасевски | 8 |
| 14 | 13.09.2024 | 53-6477/1 | **Александар Грчев** | Владо Тасевски | 9 |
| 15 | 13.09.2024 | 53-6432/1 | **Ивана Поп- Трајкова** | Владо Тасевски | 8 |

**СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ЗА УЧЕБНА 2024/2025 ГОДИНА**
**ВТОРА КАТЕГОРИЈА ВО ИЗНОС ОД 3.000,00 ДЕНАРИ**

| РЕДЕН БР. | ДАТУМ | АРХИВСКИ БРОЈ | ПОДНОСИТЕЛ (ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА УЧЕНИКОТ) | ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОДД. |
|---|---|---|---|---|---|
| 16 | 13.09.2024 | 53-6415/1 | **Нина Каламадевска** | Братство | 8 |
| 17 | 13.09.2024 | 53-6412/1 | **Теодор Цикарски** | Братство | 9 |
| 18 | 13.09.2024 | 53-6422/1 | **Марија Марчетиќ** | Братство | 8 |
| 19 | 11.09.2024 | 53-6394/1 | **Петра Мугровска** | Братство | 8 |
| 20 | 06.09.2024 | 53-6312/1 | **Ана Мишевска** | Братство | 9 |
| 21 | 10.09.2024 | 53-6346/1 | **Сара Дукоска** | Петар Поп Арсов | 9 |
| 22 | 13.09.2024 | 53-6513/1 | **Јана Цајкоска** | Петар Поп Арсов | 8 |
| 23 | 13.09.2024 | 53-6522/1 | **Калина Миноска** | Петар Поп Арсов | 8 |
| 24 | 13.09.2024 | 53-6510/1 | **Галена Ромевски** | Петар Поп Арсов | 8 |
| 25 | 11.09.2024 | 53-6397/1 | **Алек Каруловски** | Христијан Тодоровски Карпош | 9 |
| 26 | 11.09.2024 | 53-6382/1 | **Огнен Кралевски** | Христијан Тодоровски Карпош | 9 |
| 27 | 12.09.2024 | 53-6468/1 | **Андреј Пенев** | Војдан Чернодрински | 8 |
| 28 | 11.09.2024 | 53-6371/1 | **Дарија Ева вон дер Форст** | Вера Циривири Трена | 8 |
| 29 | 13.09.2024 | 53-6501/1 | **Бисера Кировска** | Јахија Кемал | 9 |

# СТЕКНУВАЊЕ НА ВЕШТИНИ И ЗНАЕЊА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

**Претставник од Секторот за екологија и енергетска ефикасност од Општина Карпош, викендов учествуваше на тридневната работилница која се одржа во Кочани, во организација на Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко Логик“ од Скопје. Станува збор за интерактивна работилница за зазеленување и вмрежување на скопските општини и градот Кочани, која се одржа во рамки на проектот „Хаб на истражувачи“, кој го спроведува „Еко Логик“ со финансиска поддршка на Амбасадата на САД во Македонија.**

**Оваа активност се спроведува согласно програмата за зелени вештини и одржливост на локалните самоуправи во земјава и во Европа, која инаку е изработена во рамки на Еразмус + проектот „Интергрин“ и досега е реализирана во повеќе општини во Франција, Италија, Португалија, Грција и Кипар.**

**Учесниците на работилницата ги анализираа темите поврзани со одржливиот развој, вклучувајќи ги тука сите сектори и одделенија од локалните самоуправи во активностите за зелена транзиција и одржлив развој. Притоа, низ дискусија беа споделени неколку успешни зелени и одржливи практики на општините какви што се локалниот развој, образованието, меѓународната соработка, урбанизмот и слично. Со ваквиот пристап треба да се поттикнат граѓаните, особено младите жители и останатите локални чинители на поинтензивна соработка и вклучување кон активностите кои ги спроведуваат институциите.**

**Во рамки на тридневната интерактивна работилница беа презентирани четири модули на стручен пристап кон темите. Во првиот модул за одржлив развој се говореше за унапредување на зелената транзиција на општините преку знаење и вештини, за навигирање низ предизвиците и пречките за добро владеење и одржлив развој, како и за локализирање на целите за одржлив развој. Во завршната фаза од првиот модул следуваше групна активност каде беа идентификувани клучните цели за одржлив развој, по што беа претставени и проектите на општините.**

**Во вториот модул се дебатираше за зелени вештини и компетенции, преку градење на одржливи и поотпорни заедници, додека пак во третиот модул беше разработена студијата на случајот Еурохотел Градче при што следуваше и активност за идентификување на предизвици и изнаоѓање на соодветни решенија. Четвртиот модул беше посветен на обука за обучувачи во чиј обем беше извршен трансфер на знаења и стручни вештини.**



## СРЕДБА НА ЈАКИМОВСКИ СО ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ОД КАРПОШ



**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски оствари средба со неколкумина ликовни уметници, кои беа дел од ликовниот настан ,,Мирисот на летото", во рамки на Карпошовото културно лето. Првиот човек на Општината, им додели благодарници за нивниот придонес и учество на традиционалната манифестација и им напомена дека нивната работа не е занемарена, туку напротив овие уметнички дела се благодат за Општината кои ќе останат засекогаш запаметени.**

**Во знак на благодарност кон градоначалникот Стевчо Јакимовски и локалната самоуправа за досегашната одлична соработка и несебичната поддршка која се манифестира повеќе од една деценија, тие одлучија да ги подарат своите уметнички дела кои отсега ќе ги красат просториите на Општина Карпош.**

## ЗАПОЧНАА УЧИЛИШНИТЕ СПОРТСКИ ЛИГИ НА ОПШТИНА КАРПОШ



**Со фудбалскиот меч кој денеска го одиграа основците од ООУ „Вера Цививири Трена“ и ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ на спортското игралиште во рамки на ООУ „Петар Поп Арсов“,беше означен стартот на овогодинешните Училишни спортски лиги на Општина Карпош за учебната 2024/2025 година.**

**Во рамки на оваа традиционална спортска манифестација која ја организира Одделението за спорт и култура и истата се одржува веќе 15 години во континуитет, основците од десетте училишта во Карпош ќе ги одмерат своите сили во фудбал и кошарка за момчиња, како и одбојка за девојчиња. Покрај оваа иницијатива, Општина Карпош ги поттикнува младите карпошани да спортуваат и да создаваат здрави животни навики, со тоа што парично ги наградува победниците во трите спортови, обезбедувајќи за нив осуммесечни стипендии како и еднонеделна летна екскурзија.**

**Училишните спортски лиги официјално ги прогласи за отворени претставникот од Општина Карпош, Патрик Поповски, посакувајќи им на основците многу успех, спортска среќа, чесна игра и ферплеј атмосфера, од името на градоначалникот Стевчо Јакимовски, како и од членовите на Советот на Општина Карпош.**

## ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА ПО 18-ТИ ПАТ ВО КАРПОШ

**Во дворот на црквата Св. ,,Пантелејмон”, Горно Нерези, во организација на Детскиот ликовен центар, а со поддршка од Општина Карпош, се одржа 18-тата детска ликовна колонија. Во рамки на оваа културна манифестација, учествуваа ученици од десетте основни училишта на територија на Општина Карпош, како и ученици од збратимената општина, Тиват (Црна Гора), и деца од тамошниот детски културен центар. На оваа традиционална манифестација присуствуваа претставници од одделение за образование и наука, како и раководителката Емилија Арсовска.**

**-На овогодинешната ликовна детска колонија учествуваат 24 ученици од основните училишта од Карпош како и децата гости од Тиват, збратимена општина. Горди сме на тоа што го работиме, затоа што секоја година имаме се повеќе интерес за учество на ликовната манифестација. Минатите години сме имале деца учесници и од другите збратимени општини. Нивните ликовни дела, учениците ќе ги продолжат и утре, во дворот на Кинотеката на Македонија, каде што секое дете ќе добие диплома за неговото учество на детската ликовна колонија. – рече Арсовска.**

**Нивните творби беа инспирирани од мотиви на повеќе слободни теми од секојдневието, а помош и поддршка добиваа од своите ментори, наставниците по ликовно образование. Младите талентирани ученици ги пренесоа своите уметнички импресии на тврда подлога, користејќи ја техниката со темперни и акрилни бои.**



# ДОДЕЛЕНИ ДИПЛОМИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА ЛИКОВНАТА КОЛОНИЈА СВ.ПАНТЕЛЕЈМОН

**Во рамки на овогодинешната културна манифестација, детска ликовна колонија Св.Пантелејмон, денеска во галерискиот простор на Кинотека на РСМ, претседателот на Детскиот ликовен центар, Стојче Тоциновски ги додели дипломите за учениците и нивните ментори. На овој голем ликовен настан, освен учениците од десетте основни училишта во Карпош, учествуваа и ученици од Тиват, Црна Гора, која е збратимена со Општина Карпош.**

**Традиционалната манифестација која се одржува по 18-ти пат, е во организација на детскиот културен центар, а секоја година неизмерна поддршка добива од Општината.**




## ОПШТИНА КАРПОШ ЌЕ НАБАВУВА НОВИ ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ ЗА СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИ ГРАДИНКИ



Во рамки на 52-рата седница која се одржа денеска во просториите на Универзитетот Скопје, заседаваше Советот на Општина Карпош каде се разгледуваа 46 точки кои се најдоа на дневниот ред. На самиот почеток на седницата беше усвоен Извештајот на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош. Имено, оваа Комисија го утврди престанокот на мандатот на досегашниот советник Марјан Стефановски, кој најави дека ќе стапи во служба која според Законот е неспоива со вршењето на досегашната функцијата, член на Советот на Општина Карпош. Оттука, Општинската изборна комисија – Карпош констатираше дека следниот кандидат од листата на кандидати за советници е Убавица Игнатоска, при што беше верификуван мандатот на Игнатоска, како нов член на Советот на Општина Карпош.

Мнозинството советници ја изгласаа овогодишната Програма за активностите на локалната самоуправа во областа на располагањето со градежно земјиште, коешто е во државна сопственост а истото се наоѓа на подрачјето на Општина Карпош. Со истата динамика советниците ја поддржаа Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2024 година. Потребната поддршка ја доби и Предлог – Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Карпош за 2024 година.

Членовите на Советот се изјаснија позитивно и за измените и дополнувањата на Програмата за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на Општина Карпош. Станува збор за зголемување на финансиската рамка на оваа Програма од досегашните 2.220.000 на 4.080.000 денари. Дополнителните средства ќе бидат искористени за изработка на Проценка на ризик, како и за ангажирање на стручно лице во насока на спроведување на мерките на Законот за Безбедност и здравје при работа. Со финансиските средства се планира и набавка на нови противпожарни апарати за сите основни училишта и детски градинки на територија на Карпош, како и поставување на нова хидрантска мрежа во ООУ „Војдан Чернодрински“.

Изгласани беа и Предлогот за Техничка исправка на ГП 3.03.2.364 во ДУП за градска четврт 3 03 со опфат помеѓу булевар „Партизански одреди“, коритото на реката Вардар, булеварот „Македонија“ и улица „Московска“, како и Предлогот за техничка исправка на урбанистички план ГП 4.3.5 од ДУП за населба Влае 1Б.

Исто така беа поддржани и двете Предлог – Одлуки за Урбанистички проекти со план за парцелација. Првиот план за парцелација се однесува на спојување на градежните парцели 11.27, 11.28, 11.29 и 11.30 во една градежна парцела со намена домување во куќи, од ДУП-от за потегот помеѓу населбите Жданец и Нерези. Вториот план за парцелација се однесува на спојување на градежните парцели 11.31 и 11.32 кои треба да формираат една градежна парцела со намена домување во куќи, од ДУП-от за потегот помеѓу населбите Жданец и Нерези.

**Со одлука на Советот се одобрува четвртиот термин за изнајмување на спортската сала во ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“, за потребите на професионалниот одбојкарски клуб „Фит Фан Волеј“, кои веќе петта година се натпреваруваат во Првата женска одбојкарска лига на Македонија. Советниците од Карпош се солидаризираа околу Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства, кои ќе бидат наменети како помош за санација на опожарена куќа на жител од населбата Бардовци.**

**Советниците дадоа позитивно мислење за Програмите за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во основните училишта „Братство“, „Димо Хаџи Димов“, „Петар Поп Арсов“ и „Христијан Тодоровски Карпош“. Со истата рутина беа изгласани и Заклучоците за усвојување на Годишните извештаи за работа на сите десет основни училишта коишто функционираат на територија на општина Карпош.**

**Потребна поддршка доби и Одлуката за давање на согласност за промена на корисникот на електрични броила од Општина Карпош на Град Скопје. Со оваа Одлука се задолжува Одделението за енергетска ефикасност од Општина Карпош да поднесе барање до ЕВН за завршување на постапката. Имено, Општина Карпош во својата развојна програма за 2023-2025 година предвиде и изврши промена на јавното осветлување на цела своја територија, со штедливи ЛЕД светилки од 35 и 75 вати. Притоа, Градот Скопје во текот на 2023 година го презеде владението со кејот на реката Вардар од Железничкиот мост помеѓу урбаните заедници Влае 2 и Нерези (од левата и десната страна) па се до мостот кај хотелот „Александар Палас“. И покрај тоа што тие најавија промена на светилките и сопственоста на броилата, до сега тоа го немаат сторено. Бидејќи вкупната потрошувачка на овие броила изнесува 3.452 KW, тоа значи дека овие трошоци значително го оптоваруваат буџетот на Општина Карпош. Од тие причини, Советот на Општина Карпош даде согласност да се изврши предложената промена.**

**Советниците ја изгласаа и Предлог – Одлуката за прифаќање на донација од Друштвото за градежништво, производство, трговија и услуги „Голден Арт“ – Скопје. Станува збор за донација во вид на изработка на основен проект и стручна ревизија за фаза водовод и канализација за водоводна мрежа на дел од Сервисна улица С3 – ул. Скупи, Станбени улици СТ-8 и СТ-9 и Сервисна улица СЕ- 2, за Б2-Големи трговски единици од ДУП за Градска четврт СС3 02, Блок 06. Вкупната вредност на донацијата на Основниот проект и Извештајот за извршена завршена ревизија изнесува 72.570 денари со вклучен ДДВ.**

**Кон самиот крај на седницата беше отворена расправа, каде советниците дебатираа околу состојбата со Спортската сала „Наум Наумовски Борче“ во населбата Карпош 4. Во процесот на комуникација, градоначалникот Јакимовски и советниците се договорија наскоро да направат обиколка на објектот, за да можат попрецизно да ја утврдат фактичката состојба, и во таа насока да понудат конкретни солуции за изнаоѓање на соодветни решенија во корист на целосно функционирање на култната сала „Партизан“.**

# ПРАШАЛНИК ЗА ПОЗНАВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ШТЕТНИТЕ ВЛИЈАНИЈА И ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПОСТАПУВАЊЕТО СО БИО-ОТПАДОТ

**Прашалник за познавањата на граѓаните за штетните влијанија и придобивките од постапувањето со био-отпадот**
**Граѓанската анкета е дел од проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“, имплементиран од страна на Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – Северна Македонија, Здружение за заштита и унапредување на животната средина ЕКО-ЛОГИК Скопје и Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН-Центар за еколошка демократија Скопје.**

**Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика Мобилитас.**

**Линк до анкетата**
**https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLScrW1DqSAb8XQGO63dg4JZGPAQXnrh4P8tCipJ0LtHKfDeSrg/viewform**



# КАРПОШ ДОМАЌИН НА СКОПСКИОТ УЧИЛИШЕН РАГБИ ФЕСТИВАЛ

**На спортското игралиште ,,Алумина", за прв пат во Карпош, се одржа Скопскиот училишен рагби фестивал, а локалната самоуправа го поддржа овој спортски настан. Инаку, Француската амбасада во Скопје им помогна на турнирите во рагби во Македонија да го прослават Светскиот куп во рагби Франција 2023 година со училишен турнир кој што се одржа на воениот стадион на АРМ во ноември минатата година. Оваа година, бидејќи Олимпијадата се одржа во Франција (Париз),уште поголема причина, француската амбасада понуди да помогне да се прослави Олимпијадата со овој фестивал за рагби меѓу училиштата од Македонија.**

**Имено, на рагби фестивалот, кој започна да биде омилен меѓу помладата популација, учествуваа учениците од четири основни училишта од Општина Карпош, ,,Петар Поп Арсов", ,,Братство", ,,Војдан Чернодрински" и ,,Димо Хаџи Димов", кои се натпреваруваа во две категории, под 12 и под 14 години. Градоначалникот Стевчо Јакимовски, преку својот поздравен говор, ја прогласи оваа спортска манифестација за отворена кој им посака среќа на натпреварувачите и кој дополни дека Општина Карпош дава поддршка за спортски настани и во таа насока обезбедува и стипендии за најталентираните ученици како и финансиска поддршка за спортски клубови.**

